# ГРАДИШТЕТО НА СРЕДНОВЕКОВНАТА ПЕЛАГОНИЈА

Зачуваните литерарни споменици за средновековната Пелагонија содржат многу оскудни и прилично замаглени известувања па поради тоа и не може јасно и точно да се согледа што се крие под тоа име. Во науката преовладува мислење за Пелагонија дека е тоа име за област и за Битола[1]. Меѓутоа идентификацијата на Пелагонија со Битола се покажа сомнителна особено откако Фанула Папазоглу утврди дека Пелагонија и Хераклеја се две одделни антички населби[2].

Најстариот податок за градот Пелагонија е во врска со настаните во Македонија во 1018 година[3]. Во таа година византискиот император Василиј II извршил примо-предаја на градовите Пелагонија, Моровизд и Липљан[4]. Скоро потоа во повелбата на гореспоменатиот император за правата на Охридската црква од 1019 година се споменува Пелагонија како место-живеалиште на клирици и парици што беа зависни од епископот на Битола[5]. Навистина меѓу наброените градови (Пелагонија, Прилеп, Дебреште и Велес) не стои името на Битола, меѓутоа од тоа не треба да се прави заклучок дека тој град се крие под името на Пелагонија[6] или како византиските писатели исклучително го употребуваат името Пелагонија за означување на градот Битола[7]. Имено според Скилица—Кедрен византискиот цар Василиј II во 1014

---

[1] Фанула Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*. Скопје 1957 стр. 194. Според Ф. Папазоглу називот Пелагонија се одржа „у средњем веку као античко име града поред словенског Битољ“. Види и *Византијски извори за историју народа Југославије* III (1966) стр. 267[33], 283[129] и 354[555].

[2] Фанула Папазоглу, н. д. стр. 208.

[3] Пред оваа година градот Пелагонија се споменува во Синекдемот на Хиерокле во VI век н. е. Исто стр. 25 и 208.

[4] В. Н. Златарски, *История на българската държава прѣзъ срѣднитѣ вѣкове*, I—2, стр. 775. Според мислењето на В. Златарски името на областа Пелагонија било употребено место името на градот Битола. И Ј. Ферлуга мисли дека пратениците што го предадоа градот беа од Битола. Византијски извори III, 124[160].

[5] Йорданъ Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, София 1931, стр. 552.

[6] Иванъ Снѣгаровъ, *История на Охридската архиепископия* I, стр. 172. Според Ив. Снегаров имињата Битола и Пелагонија се „употрѣбени за означение на едно и също мѣсто.

[7] Фанула Папазоглу, *Хераклеја и Пелагонија*. Жива Антика, IV (1954) стр. 308 и 336[115]. Според Ф. Папазоглу „Средњевековно насеље које је на-

година навлегол во Пелагонија и притоа ги запалил дворците на Гаврил—Радомир во Битола[8]. Градот бил обновен во времето на Јован Владислав[9] и веројатно пак настрадал во борбата што ја водела Византија против наследниците на Самуила. Познато е дека охридскиот град останал во урнатини долго време по завршувањето на војната[10].

Од крајот на XI век зголемен е бројот на известувањата за Пелагонија. Тоа име, во прв ред како назив за област најмногу се сретнува во писмата на охридскиот архиепископ Теофилакт[11]. Тука треба да се приведе и пишувањето на Ана Комнина за походот што го извел во 1084 година еден нормански одред од составот на војската на Боемунда против Пелагонија[12]. Известувањето на византиската писателка секако се однесува за градот.

Кон крајот на XI век дел од крстоносците од првиот поход движејќи се кон Блискиот Исток замина и низ Пелагонија. Таму, во именованата провинција според хроничарот Виљем Тирски постоел град „quae vulgo dicitur Butella"[13].

Подоцна Cinnamus пишувајќи за византиско-српските и византиско унгарските односи во втората половина на XII век ја забележал на неколку пати Пелагонија но толку неопределено да не може да се разбере за што станува збор, за град или за област[14].

Во средината на XII век арапскиот географ Идриси го регистрирал градот Битола на патот Драч—Охрид—Солун[15].

Кон крајот на XII век во Privilegium-от што византискиот Император Алексиј III ѝ го дал на Венеција се споменуваат и градовите Прилеп, Пелагонија, Молско и Меглен[16]. Сите овие градови влегуваа во составот на една провинција што се пружала западно од Селечка и Пајак планина.

---

следило Хераклеју и налазило се у њеној непосредној близини носило је словенско име Битољ, али се, према византијској традицији, оно звало и Пелагонија.

[8] В. Н. Златарски, наведениот труд, стр. 746. Види и G. L. Tafel und G. M. Thomas, *Urkunden zur älteren Handels- und Staatsgeschichte der Republik Venedik I*, Wien 1856, стр. 263; Византијски извори III, стр. 112.

[9] Ова е познато од натписот на плочата што е пронајдена пред 9 години при рушењето на џамијата во Битола.

[10] Božidar Prokić, *Zusätze in der Handschrift des Johannes Skylizes*, München 1906, стр. 37.

[11] В. Н. Златарски, наведениот труд II, стр. 256, 288, 298, 314, 323, 325 и 514. В. Златарски врз основа на известувањата на Теофилакта извел заклучок за постоење на град со име Пелагонија „който се намира на срѣдата между Скопие и Охридъ".

[12] Anne Comnène, *Alexiade II*. Paris 1943, стр. 23. Види и В. Златарски, наведениот труд, стр. 176. Во Византијски извори III, 382 заземањето на Пелагонија е датирано во 1083 год.

[13] Tafel und Thomas, наведениот труд, стр. 263[1].

[14] В. Златарски, наведениот труд II, стр. 388, 391 и 392.

[15] Борис Недков, *България и съседнитѣ ѝ земи прѣз XII век сѿоред Идриси*. София 1960, стр. 39.

[16] Tafel und Thomas, наведениот труд стр. 262 и 263.

Во тие години според известувањето на Никита Хонијат здружените сили на Добромир Хрс и на протостраторот Мануел Камиц ги заседоа Пелагонија и Прилеп[17]. Нема сомневање дека под Пелагонија се крие град што бил свртен како и Прилеп спрема градот Просек.

Во средината на XIII век, според Георгија Акрополит, никејската војска во борбата против Епирската деспотовина ги зазела градовите Охрид и Девол а набргу потоа, откако им се предадоа градовите Преспа, Пелагонија, Соск и Молско, го опколила и градот Прилеп[18].

Името Пелагонија се сретнува и во XIV век и тоа во делата на Ниќифор Григора и на Јован Кантакузин.

Од гореизложеното може да се утврди следново: Византиските извори регистрираат град со име Пелагонија во текот на XI, XII и XIII-иот век; Градот Битола во текот на XI и XII-иот век го забележуваат по еден византиски и домашен извор како и два западноевропски извори. Нема сомневање дека во случајов станува збор за одделни градови. Географската положба на средновековниот град Битола е позната. Тој лежел покрај истоимената варош. Во врска со тоа малу е веројатно Битола да се викала и Пелагонија кога се знае дека во нејзината непосредна близина се наоѓала Хераклеја. Средновековниот град Пелагонија добил име по античната населба, а таа се наоѓала подалеку од Битола. Фанула Папазоглу врз основа на еден натпис што е најден „in districtu Morihovo, in ripa Erigonis fl. non longe a Stobis Monastir versus" ја убицирала Пелагонија „у близини места" кај што е откривен споменикот, поправо во делот „мориховске области која је ближа Стобима него Битољу"[19]. Во картата „Македонски градови у римско доба", што е приложена кон истоимениот труд, Пелагонија е уцртана (со прашалник) во близината на Полошкиот манастир. Таму, во едно беспаќе постои локалитет „град", но тој не доаѓа предвид за убикација на Пелагонија поради положбата што ја има во кањонот на реката Црна. Античката населба во никој случај не лежела во клисурата. Ливиј пишува за „faucibus ad Pelagoniam"[20] па спрема тоа населбата треба да се бара надвор од теснината.

Втората убикација на Пелагонија што ја дава Иван Микулчиќ изведена е под импресија на преостанките од големиот полис кај месноста „Долиште" во близината на Прилепец[21].

---

[17] Franz Grabler, *Byzantinische Geschichtsschreiber IX, (Die Kreuzfahrer erobern Konstantinopel.)* Styria (1958) стр. 108.

[18] В. Златарски, наведениот труд III, стр. 485

[19] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, стр. 206. Наведениот натпис може да се чита и вака: Во мориовската област на брегот на р. Еригон недалеку од Стоби спрема (селото) Манастир. Р. Катичић го прифаќа мислењето за положбата на Пелагонија во Мориово, Византијски извори — III, стр. 338[467].

[20] Ф. Папазоглу, наведениот труд стр. 202.

[21] Ivan Mikulčić, *Pelagonija*, Skopje 1966, стр. 71.




Verojatni lokaliteti na antičkiot i srednevekovniot grad Pelagonija

Како појдовна основа за рекогнисцирањето на положбата на Пелагонија треба да послужат податоците што ги искажал Страбон. Тој пишува дека „Еригон тече низ земјата на Илирите, Линкестите и Пелагонија и, оставајќи го градот од левата страна, се влева во Аксиј"[22].

Во времето на Страбон градот за кој станувало збор бил толку познат што се подразбирал и без да му се спомене името. Но денес утврдувањето на идентитетот на градот останува вистинска загатка. Имено, ако би цврсто држеле до зборовите на Страбона тогаш градот Пелагонија би го поместиле таму каде некогаш лежел Стоби![23] Меѓутоа при толкувањето на зборовите на Страбона треба да се има предвид дали тој докрај го согледал текот на реката Еригон. Според Страбон течењето на реката завршува во Пелагонија место во Пеонија[24]. Со други зборови прикриен е делот на реката што тече низ долгата и непреодната клисура од с. Скочивир па до с. Возарци[25].

Со оглед на гореизложеното градот што го споменува Страбон треба да се бара секако пред влезот на реката Црна во клисурата кај Скочивир и тоа на територијата што се пружа помеѓу селата Гермијан, Бач, Брод и Гнеотино. На тој терен рекогносциран е значаен локалитет[26]. Постои мислење дека локалитетот Букри кај Брод било како место „jedno od najznačajnijih (ako ne i najznačajnije) tokom par sledećih vekova u južnom delu Pelagonije"[27].

Ако се има предвид средновековниот град да го добил името од античната населба тогаш и положбата на местото треба да се бара во нејзината близина. Средновековната Пелагонија секако била изградена на месноста Градиште што се издига на левиот брег на Црна и тоа пред влезот на реката во споменатата клисура. Локалитетот е заграден од три страни со долови и стрмни ридови и полн е со грамади од камен. Градиште доминира над југоисточниот дел од пелагониската рамнина, а некогаш го контролирал

---

[22] Ф. Папазоглу, наведениот труд, стр. 204 и 205.

[23] Постои мислење „да се Пелагонија налазила крај Аксија, око ушћа Еригона". Ф. Папазоглу, наведениот труд, стр. 201.

[24] Според Ф. Папазоглу Пелагонија во времето на Полибија и Ливија се граничела „на истоку са Пеонцима", па според тоа во описот на Страбон недостасува делот од Еригон што течел низ Пеонија.

[25] Своевремено византиската писателка Ана Комнина давајќи опис на реката Дрим од Охридското езеро па до Јадранското море не го прикажала делот што тече низ клисурата од с. Таш Моруниште па до Шпиље во близината на Дебар. Види: Ив. Дуйчевъ, *Същинското значение на името* Μόκρος *у Анна Комнина.* Македонски прегледъ Год. III/3, стр. 29.

Во 19 век нешто слично прави Киперт кој го сместил „Kaplan Chan an die Mündung der Ptschinja in den Wardar". Види: J. G. v. Hahn, *Reise von Belgrad nach Salonik.* Wien 1868, стр. 162.

[26] П. Мачкиќ и Д. Симовска, *Наоди на Битолскиот музеј во с. Букри*, Весник на Музејско-конзерваторското друштво на НР Македонија III—1, стр. 26—30.

[27] Ivan Mikulčić, наведениот труд, стр. 36.

патот што водел од Острово преку „Мостовите" на реката Црна, па по источниот раб на Пелагонија, за Прилеп[28]. Ова комуникација била странична па потиснувана од значајната магистрала што од Драч водела преку Битола за Солун.

Средновековниот град Пелагонија како и многу други клисурски градови (Просек, Чемрен и Чрешче) немал услови да се развие во занаетчиско-трговска населба и веројатно исчезнал кон крајот на XIV век.

*Скопје.* *Т. Томоски.*


## *ZUSAMMENFASSUNG*

### *T. Tomoski:* GRADIŠTE (DIE BURGRUINEN) DER MITTELALTERLICHEN PELAGONIA

In der Wissenschaft war es üblich, Pelagonia mit Bitola zu identifizieren. Die Stadt Pelagonia wird von byzantinischen Quellen im Laufe des 11., 12. und 13. Jahrhunderts registriert. Die Stadt Bitola wird nach einer byzantinischen, einer einheimischen und zwei westeuropäischen Quellen im Laufe des 11. und 12. Jahrhunderts notiert.

Die mittelalterliche Stadt Pelagonia hat ihren Namen nach der antiken Siedlung erhalten, die am Fluß Crna gelegen war und zwar vor dem Eintritt des Flusses in die Schlucht bei dem Dorf Skočivir. Östlich der antiken Siedlung bei der Örtlichkeit Gradište wurde die mittelalterliche Stadt Pelagonia errichtet. Die Lokalität erhebt sich an der linken Seite des Flusses Crna und dominierte einst mit der Kommunikation, die von Ostrovo nach Prilep führte.


[28] Спомenатата комуникација секако ја користел Василиј II на враќањето од Пелагонија за Воден во 1014 година. Мислењето дека царот тргнал „од Битола преку Црна за Воден" што е изнесено во Византијски извори . . . III, стр. 112 не се сообразува со положбата на теренот. Имено патот и реката воопшто не се сечат.

[29] Комуникацијата што денес води од Битола преку Кременица—Бач—Брод до Градиште долга е околу 25 км.